Р. КИРЈАЗОВСКИ

# ЕДЕН ИНТЕРЕСЕН НАПИС ВО ЗАШТИТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Македонците од егејскиот дел на Македонија ја немаа среќата да ја поделат радоста со своите браќа од вардарскиот дел на Македонија за што херојски и масовно се бореа против тројниот окупатор (1941—1945). Кога на крајот на Втората светска војна народите се радуваа за победата над фашизмот и за извојување на национални и социјални слободи, во егејскиот дел на Македонија и Грција започна една нова, покрвава и по последици за Македонците потрагична војна.

Грчката десница, која дојде на власт благодарение на опортунизмот и грешките на грчкото раководство на отпорот и отворената воена надворешна интервенција, за да ги зацврсти своите позиции започна една еднострана граѓанска војна со сите средства што ѝ стоеја на располагање против припадниците на отпорот и воопшто против демократското движење на земјата.

Сепак, разбојничкиот поход против Македонците од страна на официјалните грчки власти и разбеснетите вооружени грчки банди е без преседан. Животот на македонскиот народ беше претворен во вистнска трагедија.

Причините за преземање на еден таков поход против Македонците се повеќе. Македонците во нивното огромно мнозинство, вклучени во своите антифашистички организации НОФ, АФЖ и НОМС, беа на страната на демократското движење на грчкиот народ со кое грчката реакција сакаше да се пресмета со загушување на борбата на македонскиот народ за национална и социјална слобода и со измена на националниот состав во Егејска Македонија во своја полза и др.

За да ја оправда таквата политика спрема Македонците пред својата и меѓународната јавност и да ги надразни страстите на Грците — националисти против Македонците, грчката десница го мобилизира целиот свој пропаганден апарат, печатот и другите

средства за јавно информирање во настојувањето да ги претстави Македонците како соработници на окупаторот, како „Судети на Балканот", или како „потенцијална опасност за безбедноста на Грција и мирот на Балканот" и сл.

Ставот на Комунистичката партија на Грција спрема Македонците, односно спрема македонското народно-ослободително движење од расцепот во октомври 1944 година, беше повеќе од непријателски. Решавањето на македонското прашање го сведуваше во давањето малцински права на Македонците во рамките на една демократска Грција, а појавата и дејноста на организацијата НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија јавно ја третираше и напаѓаше како автономистичка, авантуристичка, сепаратистичка и сл.

Меѓутоа, кон крајот на 1945 година имаме еволуција, односно промена на ставот на КПГ спрема македонското движење и признавање на македонската организација НОФ како антифашистичка и демократска. Оваа промена на ставот на КПГ се должи пред сè на ориентација кон вооружена борба, која наложуваше сплотување на сите антифашистички и демократски сили на земјата и убедување што преовлада во раководството на КПГ дека македонското ослободително движење, олицетворено во организацијата НОФ, е најсигурниот и најдоследниот сојузник на грчкото демократско движење.

Врз база на овој став и убедување, од крајот на 1945 година во партискиот печат и литература се појавуваат статии, говори, студии, расправи од раководни луѓе и публицисти на КПГ во кои се третира положбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија пред војната, нивното масовно учество во големата антифашистичка војна (1941—1945), нивната трагична положба по војната и се земат под заштита, односно се заземат позитивни ставови и се даваат оценки за одделни периоди и прашања од Народно-ослободителното движење на македонскиот народ.

Во тој дух е и написот под наслов „*ВИСТИНСКИ И ЛАЖНИ СУДЕТИ*" објавен под иницијали А. Т. во месечното списание „ПРОТОПОРОС", орган на Бирото на КПГ за Македонија и Тракија од 15 мај 1946 година.

Трудот е објавен со цел да ја дискредитира злонамерната пропаганда на десницата да ги оквалификува и претстави Македонците како Судети на Балканот, а со тоа да ја оправда својата политика на геноцид спрема нив.

Поради тоа што написот дава оценки за учество на Македонците во прогресивното демократско движење и ставови по македонското национално прашање, го поместуваме во превод од грчки на македонски јазик. Написот гласи:

## „ВИСТИНСКИ И ЛАЖНИ СУДЕТИ

Во последниот временски период во колоните на дневниот печат е подигнат еден систематски поход против Славомакедонците,[1] кои се обидуваат да ги претстават како Судети на Грција. Некои весници, како Елиникос Ворас",[2] дури се обидуваат да го поткрепат овој свој поход на божем марксистички принципи и на ставот на комунистите по националното прашање по Втората светска војна.

Кога некој ја има предвид внатрешната и надворешната ситуација не е тешко да ги открие и разобличи мотивите на тој поход. Демократскиот и антифашистичкиот став на Славомакедонците во последните избори[3] и големиот процент на апстиненција на подрачијата во кои живеат, природно ги вреднува во лагерот на демократијата и антифашистичкиот фронт на нашата земја. И внатрешниот и надворешниот развој секојдневно ќе ја јакне прогресивната и демократската улога и позитивното влијание на тој фактор во целокупниот процес на земјата. Оттука, од чисто внатрешни причини, е посебната агресивност на домашната реакција против Славомакедонците. Но не се и единствените. Кога некој се потсети на конференцијата на министрите на Големите сојузници во Париз, која треба во голема мера да го регулира изгледот на Балканот, лесно некој ќе разбере дека целата оваа врева околу Судетите — Македонци е едно очајно настојување да му се даде на еден проблем, кој неоспорно постои, реакционерно, антидемократско и антисојузничко решение. Политиката против Славомакедонците преставува составен елемент на внатрешната и надворешната политика, потпалувач на мирот, на Грците фашисти, кои благодарение на англиската интервенција повторно седнаа на вратот на грчкиот народ.

За сите тие причини е актуелно да го објасниме проблемот: Дали се Славомакедонците од Грција Судети? Претставуваат ли прогресивен, демократски, антифашистички фактор, потпора на мирот и на демократијата или претставуваат реакционерен фактор, закана на мирот, или се нејзини Судети?

Да почнеме со тоа што се, а подобро кои беа Судетите. Судетите беа германско малцинство во Чехословачка, кое беше еден од поводите на Втората светска војна, беше истурена колона на Хитлера внатре во друга земја, кое помогна за нејзиното распарчување и окупирање. За да се обезбеди од повторување на нов германски поход, кој ќе го искористеше како мотивација заштитата на тоа малцинство, Чехословачка го избрка во Германија. Истото стана во Полска и Југославија.

Во своето настојување да го обезбедат мирот, народните републики презедоа драстични мерки за отстранување на поводите за војна, затоа што, како што забележува Ленин „големите зла бараат големи средства".

---

[1]) Усвоен термин од КПГ за да ги разликува Македонците од другите националности кои живеат во Македонија.

[2]) Крајно реакционерен дневен весник кој излегува во Солун.

[3]) Парламентарните избори по војната се одржани на 31 март 1946 год. во кои Македонците спроведувајќи ја директивата на НОФ и КПГ масовно апстинираа од нив.

Од погорното се гледа дека неопходен предуслов за да се разбере појмот судет, покрај постоењето на малцинство, е нужно да постои и агресивна држава за да го наруши мирот. И во конкретниов случај таква држава во последните години не постоеше. Зошто? Затоа што прва македонска држава е Народна Федеративна Република Македонија што е создадена по изгонувањето на фашистите и е краен резултат на победоносната борба на македонскиот народ, која продолжи четири години против германските и бугарските фашистички окупатори. Според тоа, за прв пат постои македонска држава во поновиот период и следствено не беше никогаш нарушител на мирот. Покрај тоа, Југославија, во која ѝ припаѓаше прво како потчинета, а денес како слободна, независна и рамноправна и федерална држава, припаѓа во семејството на Обединетите нации што го победија фашизмот. И само од таа причина на непостоењето на една нивна национална држава која го нарушила мирот, не е можно нашите Славомакедонци да се карактеризираат за Судети.

Но и само по себе славомакедонското движење никогаш не претставуваше назаден, туку фактор на мирот и прогресот на Балканот. Уште кога работничката класа на Македонија не беше развиена, македонското национално движење претставуваше најпрогресивниот, најдемократскиот и најрадикалниот фактор во Македонија. И тие негови карактеристични белези ги задржа на овој или оној степен, трајно до денес.

На крајот на минатиот век, во времето на Османската империја, внатрешната Македонска револуционерна организација на Делчев — Сандански претставуваше најдоследната демократска национално-ослободителна организација. Таа се стремеше да ги сплоти сите жители на Македонија: Славомакедонци, Грци, Куцовласи, Евреи, дури и прогресивните Турци, во нејзините редови. Меѓутоа, развојот на Македонија не беше мазен. Развојот на капиталистичките односи во тогашното феудално стопанство на Македонија што природно водеше кон создавање на една посебна македонска нација, беше прекинат.

Откако претставуваше, за доста време, полигон на прикриен судир помеѓу плутократските олигарски завојувани клики на Балканот и на империјалистички комбинации, Македонија со Балканските војни од 1912—1913 е разделена. Нејзиното економско единство беше здробено. Во последните дваесет години настанаа сериозни промени во Македонија. Но развојот што е забележан во годините на антифашистичката, прогресивна војна за уништување на фашизмот е од најкарактеристичните.

Како резултат на победата на прогресивните демократски сили на Балканот и на Југославија, како резултат пред сè на победата на Црвената армија и борбата на Македонците за својата национална слобода против германскиот и бугарскиот фашистички окупатор, доаѓа создавањето на федералната држава на македонската народна република. Оние фактори кои некогаш го пресекоа нормалниот развој на Македонија, денес позитивно делуваат во неа. Многу ќе се одалечиме од целта на оваа статија ако се задржиме на тоа.

Како што беше природно, национално-ослободителното движење на македонскиот народ во последните години целосно се поврза со борбата што ја водеа Обединетите нации за уништување на фашизмот.

Но суров и тежок беше борбениот пат на Славомакедонците. Пожесток од секоја друга нација на Балканот. Затоа што сите држави што беа поробени од фашистичките агресори веќе го имаа оформено своето национално постоење и сознание. Истото не се случуваше со Славомакедонците. Ниедна балканска држава во која припаѓаа не им го признаваше тоа право. Големосрбите ги сметаа за Срби на југ, Бугарите за Бугари, а Грците за славофони Грци. За прв пат Славомакедонците се здобија со правото на слободен национален живот со уништувањето на фашизмот.

И од други причини борбата на Славомакедонците се разликува. Македонија, во нејзиниот најголем дел, беше доделена на бугарските фашистички окупатори. Штом бугарската армија не беше вовлечена во активното учество на главните фронтови на војната, туку извршуваше второстепени задачи, располагаше со сериозни сили и обезбеди една голема густина на окупација во окупираната Македонија. Тоа ја правеше двојна и тројна, сурова и тешка борбата на Славомакедонците за својата слобода И покрај тоа Македонците успеале да ги пребродат тие дополнителни тешкотии и да се здобијат со својата независност.

Карактеристично од аспектот што нè интересира, што е и цел на оваа денешна наша статија, е тоа дека бугарските фашистички окупатори никогаш не создадоа автономна македонска држава кое нешто можеше некој да го очекува, имајќи го предвид мотивот од кој секогаш тргнуваше бугарската завојувачка политика, туку просто ја усвоија Македонија. Само Германците, имајќи богато искуство и од Хрватска, се судрија со таа евентуалност и го држеа како резерва во Виена Ванчо Михаилов, но само во случај на оддалечување на фашистичка Бугарија од нивното влијание.

Како што борбата на Македонците не може да се издвои од борбата на останатите југословенски народи, од борбата на Обединетите нации за уништување на фашизмот, така и борбата на Славомакедонците на Грција не може да се издвои од борбата на грчкиот народ. Обратно, таа го прима неговото позитивно благотворно влијание. Исто така еден од факторите што придонесе да ги привлече Славомакедонците одлучно во борбата против окупаторите, покрај врските што ги имаа со грчкото демократско движење, беше и силното влијание што го извршија Македонците-партизани на југословенска Македонија. При нивното минување во Леринско, Костурско и Воденско (ги скршија) и последните остатоци на контрачетништвото и дадоа ново раздвижување и дух во борбата на нашите Славомакедонци против окупаторите. Во македонските баталјони или во редовите на ЕЛАС Славомакедонците застанаа на страната на грчкиот народ во тешката и суровата борба против окупаторот.

Тогаш, како можеме да им ја прилепиме карактеристиката — Судети? Од која било страна да го разгледаме проблемот, македонски судетизам не постои. Обратно, во Грција постојат нашите Славомакедонци и нивната борба целосно координирана со борбата на грчкиот народ и на Обединетите нации, очекувајќи оправдување на истата. Политиката на ЕАМ и ЕЛАС спрема тоа демократско и прогресивно малцинство, кое даде огромни услуги на сојузничката борба, исполни една сојузничка задача и помагна во привлекувањето на нови сојузници во антифашистичката војна. Денешната политика на ЕАМ

6*

спрема Славомакедонците е прогресивна и демократска, која служи на мирот, пријателството и разбирањето на балканските земји.

Сета врева околу судетизмот на нашите Славомакедонци претставува нова појава на истата фашистичка политика, која со години на Грција и предизвика страшни катастрофи, и се стреми да даде реакционерно и фашистичко решение на едно веќе созреано прашање. Не постојат Судети Славомакедонци.

Битно е тоа дека овој поход се врши од фашистичката реакција, која настојува да застане во позициите на демократијата, на прогресот, во позициите на антифашистичкиот лагер. Многу добро се разбира дека се единствените позиции што се потчитуваат во меѓународните односи. Оваа политика неволно потсетува на лавската кожа што ја облекса за да постанат лавови. Но денес во меѓународните односи дува толку силен ветар што не може, а да не го разоткрие секого што ќе влезе да пасе во туѓи ливади имајќи ја само лавската кожа на отпорот, на антифашизмот.

**А. Т.“**

Од изнесеното во статијата, имајќи го предвид времето кога беше напишана и целта која сакаше да ја постигне, авторот главно објективно ги опишува настаните и извлекува правилни заклучоци. Тоа што авторот тврди дека политиката на ЕАМ и ЕЛАС спрема демократското и прогресивно македонско малцинство, кое даде огромни услуги на антифашистичката војна, беше правилна, секако не одговара на вистината. Точно е обратното. Неправилната политика на ЕАМ и ЕЛАС по македонското национално прашање во време на војната им го скрати правото и желбата на многу Македонци да влезат во редовите на антифашистичката армија и да го дадат својот придонес во неа.